Бр. 12 - 1463/1
06-03-2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител , Државната комисија за спречување на корупцијата на 28 -та седница одржана на ден 29 Февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-1680/1 од 19.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – физичко лице, а со која се изразуваат сомневања за незаконитости во постапката за вработување и при изборот на кандидати за вработување, на определено време, по јавен оглас за вработување на ------- (-----------------) извршители --------------------------, во -----------------, во ------------------------- во ----------------, објавен на ден -------------- година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-1680 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 1680/1 од од 19.03.2019 година.

Предметот со број 12-1680 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-1680 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1680/1 од 19.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице - ---------- ---------- од -----------.

Пријавата содржи наводи за незаконитости во постапката за вработување и при изборот на кандидати за вработување на определено време, по јавен оглас за вработување на --- (-------------------------) извршители --------------------, во -----------------, во ----------------------- во ---------------------------------, објавен на ден ------------------ година, вклучително и наводи со сомневања дека подносителот на пријавата, кој бил пријавен на предметниот оглас, не е избран за кандидат за вработување заради припадност и активности на нему блиско лице - член на неговото семејство на/во одредена политичка партија.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации од ------------------ – -------------. Последователно, Државната комисија изврши увид и анализа на прибавените списи од спроведената постапка по јавниот оглас за вработување во ----------------------------- на ----- (--------------------) извршители ------------------ - во записниците и


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

другите акти од постапката за селекција на пријавените кандидати, одлуките за избор на кандидати за вработување, известувањата од и за постапката за избор на кандатати за вработување и др.

Истовремено, Државната комисија ја ценеше и содржината на сите останати списи доставени од ------------------------- при што утврди дека на предметниот случај, по претставка од истиот подносител постапувале, во рамки на своите надлежности и други државни органи во РСМ. Имено, видно од приложената документација, во текот на 2019 година од страна на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларија на претседателот на Владата, до ---------------------- била препратена, на надлежно постапување, претставка од подносителот на пријавата по која ова -------------- постапило и со образложени причини се произнело дека наводите од претставката се неточни и тенденциозни, а известување по истата доставило до подносителот, односно и до Владата на РСМ. Исто така, се констатира и дека претставка за предметниот случај, истиот подносител доставил и до Народниот правобранител кој постапил така што побарал и прибавил произнесување на посоченото ------------------- по наводите од подносителот за кои ------------------------------- се произнело за целината на спроведената постапка за вработување, вклучително и за тоа дека изборот на кандидати за вработување бил извршен согласно со член 21 од Законот за работни односи, како и дека кон подносителот не е направена дискриминација, со акцент на тоа дека бараните услови по распишаниот јавен оглас ги исполнувале ------------- лица, а договор за вработување бил склучен со само ------------ лица. -------------------- низ преписката со народниот правобранител, со придружна документација, аргументирано се произнело и по сите останати наводи на подносителот – за користење на права од работен однос во тек на претходното вработување ----------------- според договор за работа на определено време и др. Со извршен вонреден инспекциски, на предметниот случај постапил и Државниот инспекторат за труд кој во изготвениот записник со наод за утврдената фактичка состојба не констатирал повреди на постапката за вработување по јавниот оглас за вработување на кој бил пријавен подносителот на пријавата доставена до Државната комисија, додека по однос на останатите наводи – за исплата на надомест за неискористен дел од годишен одмор на подносителот, за ------------- година од претходно заснованиот работен однос на определено време, утврдил дека истата не е извршена поради тековниот изборен процес во РСМ за што изрекол соодветни задолженија.

Врз основа на сите околности на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите на подносителот на пријавата не се потврдуваат. Од страна на посоченото --------------------- не се сторени прекршувања на законите од областа на работните односи во сите фази на постапката при што не се потврдува и наводот за наводно прекршување на членот 23 став 1) алинеја 6 од Законот за работни односи, по однос на кој Државната комисија утврди дека истиот е соодветно применет согласно извршената измена, односно според Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 120/2018). Непотврдени се исто така и наводите за сторена дискриминација на подносителот, дотолку повеќе - се констатира и дека подносителот не користел правно средство пред надлежен суд од аспект на сторено прекршување на забраната за дискриминација.

Севкупно гледано преземените дејствија во конкретната постапка за вработување не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од

Бр. 12-1463/1
06-03-2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

страна на службените лица од -----------------------------------, ниту истите би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Февруари 2020 година под бр. 12- 1463/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По Заклучок на ДКСК
Изработил Христина Мишевска, Советник
Одобрил Нури Бајрами, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk